# ПРОЦЕДУРА
## за избор на претседател на Ученички парламент

1. **И**зборот за претседател на ученичкиот парламент е **прва точка на конститутивната седница** на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови (на самоиницијативен предлог од страна на претседателите на паралелките кои нема да се кандидираат за претседател), која го спроведува изборот на претседател на ученички парламент. Таа се одржува во последната работна недела на првиот месец во тековната учебна година, односно веднаш по изборот на претседатели на заедници на паралелка.
2. Секој претседател на заедницата на паралелка **може да се кандидира** за претседател на ученички парламент со поднесување на пријава до претседавачот на конститутивната седница, т.е. директорот на училиштето.
3. Кандидатите треба самите **да се презентираат** пред членовите на парламентот и да ја изразат својата мотивација за претседател на ученички парламент, како и да ги презентираат своите идеи за застапување на интересите на сите ученици во училиштето.
4. Мандатот на претседателот на ученичкиот парламент изнесува **една учебна година.**
5. Претседателот на ученички парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претедателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на одделенските заедници.
6. За претседател на ученички парламент се смета кандидатот што освоил најголем број гласови од вкупниот број на членови со право на глас.. Доколку пивеќе кандидати освојат ист, најголем број гласови, се организира следен круг со кандидатите што имаат ист најголем број гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот што има освоено најмногу гласови од вкупниот број на членови со право на глас. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број на членови, постапката за избор на претседател се повторува.
7. По изборот на претседател на ученичкиот парламент, претседателот го презема раководењето на седницата на ученичкиот парламент**. Претседателот на ученичкиот парламент е член на тимот за училишна интеграција** кој што го формира директорот во насока на унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.
8. На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик-претседател и секретар на ученичкиот парламент, кои се избираат од редот на координаторите на учебните години.
9. Причините за предвремен престанок на претседателот на ученички парламент, мандатот и надлежностите на претседателот се пропишани во Правилникот за работа на заедниците на паралелки и Ученичкиот парламент.

Скопје, 2023 година

Директор:
Билјана Симоноска Антовска